Содржина

1 Објаснување на симболите и безбедносни напомени .. 135
1.1 Објаснување на симболите 135
1.2 Општи безбедносни напомени 135
1.3 Напомени за овој прирачник 136

2 Податоци за производот 136
2.1 Изјава за сообразност 136
2.2 Технички податоци за далечинскиот управувач .. 136
2.3 Користење со мулти-сплит клима уред 136
2.4 Спецификации за IP gateway 137

3 Ракување 137
3.1 Преглед на внатрешната единица..... .. 137
3.2 Преглед на далечинскиот управувач 137
3.3 Користење на далечинскиот управувач..... .. 138
3.4 Поврзување..... .. 138
3.4.1 Поврзување..... .. 138
3.4.2 Компатибилност со Matter 139
3.4.3 Функција за надгледување на енергија 139
3.5 Поставување на главниот режим на работа 139
3.6 Поставување тајмер 140
3.7 Примарни работни функции 140
3.7.1 Функција за заштеда на енергија 140
3.7.2 Поставување на функцијата на нишање 140
3.7.3 Турбо ладење/турбо греење 141
3.7.4 Silent Mode..... .. 141
3.7.5 Режим на спиење 141
3.7.6 Функција за заклучување на копчињата за деца .. 141
3.7.7 Заштита од мраз (8 °C / 12 °C)..... .. 141
3.7.8 Други функции 141

4 Отстранување дефекти 142
4.1 Дефекти со приказ на код (Self diagnosis function) 142
4.2 Дефекти без приказ на код 142

5 Одржување..... .. 143
5.1 Замена на батериите 143
5.2 Чистење на уредот и далечинскиот управувач. .. 143
5.3 Чистење на филтерот за воздух 144
5.4 Подолго време на неработење..... .. 144
5.5 Рачно ракување 144

6 Заштита на животната средина и исфрлање во отпад .. 144

1 Објаснување на симболите и безбедносни напомени

1.1 Објаснување на симболите

Предупредување

Во предупредувањата, сигналните зборови посочуваат кон типот и сериозноста на последиците ако не се следат мерките за избегнување на опасноста.

Дефинирани се следните сигнални зборови и може да се употребуваат во овој документ:

⚠ ОПАСНОСТ

ОПАСНОСТ означува дека ќе се случат тешки до смртни лични повреди.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ означува дека може да се случат тешки до смртни лични повреди.

⚠ ВНИМАНИЕ

ВНИМАТЕЛНО означува дека може да се случат лесни до средни лични повреди.

НАПОМЕНА

НАПОМЕНА значи дека може да се случат материјални штети.

Важни информации

Важните информации без опасности за лични или материјални штети се означени со прикажаниот симбол за информации.

Симбол	Значење
	Предупредување за запаливи супстанци: разладното средство R32, во овој производ, е во гасна состојба и има слаба запаливост и ниска токсичност (A2L или A2).
	Носете заштитни ракавици за време на инсталирање и одржување.
	Одржувањето треба да го спроведува квалификувано лице, кое ќе ги следи насоките во упатството за одржување.
	Внимавајте при работата на насоките во упатството за ракување.

Таб. 1

1.2 Општи безбедносни напомени

⚠ Напомени за целната група

Овие упатства за ракување се наменети за корисникот на клима уредот. Мора да се следат насоките во сите упатства релевантни за системот. Ако не се следат насоките, може да дојде до материјални штети и лични повреди, коишто може да бидат дури и смртоносни.

- ▶ Прочитајте ги и чувајте ги упатствата за ракување за сите составни делови на системот.
- ▶ Внимавајте на безбедносните напомени и предупредувањата.

⚠ Прописна употреба

Внатрешната единица е предвидена за инсталација во објект, со поврзување со надворешната единица и дополнителните компоненти на системот, на пример, регулатори.

Надворешната единица е предвидена за инсталација надвор од објект, со поврзување со една или повеќе внатрешни единици и дополнителните компоненти на системот, на пример, регулатори.

Клима уредот е предвиден само за комерцијална/приватна употреба каде што температурните отстапувања од одредените точки не водат кон штети по живиот свет или материјалите. Клима уредот не е предвиден за прецизно поставување и одржување на потребната апсолутна влажност.

Секоја друга употреба се смета за непрописна. Непрописната употреба и штетите што резултираат од неа се исклучени од гаранцијата.

За инсталација на специјални локации (подземно паркиралиште, балкон или други полуотворени простори):

- ▶ Внимавајте на барањата за местото на инсталација, наведени во техничката документација.

⚠ Општи опасности предизвикани од разладното средство

- ▶ Овој уред е наполнет со разладно средство. Гасот од разладното средство може да биде токсичен ако дојде во контакт со оган.
- ▶ Редовно проверувајте го и одржувајте го системот со помош на сертифициран специјалист.
- ▶ Ако се сомневате дека некаде протекува разладното средство од системот, темелно проветрете ја просторијата и известете сертифициран специјалист.

⚠ Модификации и поправки

Непрописните измени на системот за климатизација може да предизвика лични повреди и/или материјални штети.

- ▶ Работите треба да ги изведува само сертифициран специјалист.
- ▶ Не правете никакви измени на надворешната единица, внатрешната единица или на другите делови на системот за климатизација.
- ▶ Исклучете го системот за климатизација од струја пред секое одржување.

⚠ Напомени за ракувањето со системот

Погрешната употреба на системот за климатизација може да го наруши вашето здравје.

- ▶ Не задржувајте се предолго директно под воздухот што дува.
- ▶ Погрижете се собната температура да е соодветна за лицата што се наоѓаат во просторијата, како во случајот на бебиња, деца, постари лица, неподвижни или лица со пречки.
- ▶ Никогаш не ставајте предмети во уредот, така може да се повредите.

Погрешното ракување со уредот може да ја влоши неговата работа, или дури и тој да се оштети и да претрпите лични повреди.

- ▶ Не блокирајте ги отворите за влез и излез на воздухот на уредот.
- ▶ Затворајте ги вратите и прозорците од просторијата додека уредот работи.
- ▶ Заштитете ја внатрешната единица од навлегување на вода во неа.
- ▶ Редовно проверувајте ја монтажната рамка на надворешната единица за да видите дали е изабена и дали е цврста.
- ▶ Не ставајте тешки работи врз надворешната единица, на пример, други предмети, и не качувајте се врз неа.
- ▶ Правта, испарувањата и влагата треба да бидат минимални во просторијата каде што е поставена внатрешната единица.
- ▶ Не користете лесно запаливи гасови во близина на уредот, на пример, спрејови.
- ▶ Ако има нешто што не е во ред со клима уредот (на пример, мирис на изгорено, дефектен кабел), тогаш веднаш исклучете го од струја.

⚠ Безбедност на електричните уреди за домашна употреба и слични намени

Со цел да се избегнат опасности, важат следниве спецификации во однос на EN 60335-1:

«Овој уред можат да го користат деца над 8-годишна возраст, како и лица со намалени физички, сетилни или ментални способности, или пак без искуство и знаење, земајќи предвид дека се под надзор или добиваат упатства како безбедно да го користат уредот и ги разбираат опасностите што произлегуваат од употребата. Децата не смеат да си играат со уредот. Чистењето и одржувањето не смеат да се изведуваат од страна на деца без да бидат под надзор.»

«Доколку се оштети кабелот за струја, истиот мора да го замени производителот или сервисна служба, или пак друго квалификувано лице со цел да се избегнат опасностите што произлегуваат од замената.»

1.3 Напомени за овој прирачник

Ќе пронајдете збир од илустрации на крајот од овој прирачник. Текстот содржи упатувања кон илустрациите.

Во зависност од моделот, вашиот производ може да се разликува од тој во илустрациите во овој прирачник.

2 Податоци за производот

2.1 Изјава за сообразност

Овој производ соодветствува на европските и националните законски побарувања во поглед на конструкцијата и работата.

CE Со CE-ознаката се упатува на тоа дека производот е сообразен во однос на сите применливи регулативи на ЕУ со кои се предвидува примената на ознаката.

Целосниот текст од изјавата за сообразност можете да ја пронајдете на интернет: www.bosch-homecomfort.rs.

2.2 Технички податоци за далечинскиот управувач

Напојување	2 батерии AAA
Опсег на сигналот	8 m
Дозволена амбиентална температура	-5 °C ... 60 °C

Таб. 2

2.3 Користење со мулти-сплит клима уред

Внатрешната единица може да се користи во систем со мулти-сплит клима уред. Во овој случај, следниве функции се оневозможени:

- Функции за заштеда на енергија **Заштеда+** и **Контрола на енергија**
- Самочистење (iClean 56°C)
- Намалување бучава (Silent Mode)
- Рачно ракување
- Откривање протекување на разладно средство
- Автоматски режим за заштеда на енергија во режим на мирување (1 W standby)

2.4 Спецификации за IP gateway

	Единица	Вредност
U	V_{DC}	5
P_{max}	W	2,5
f (RF)	GHz	2,4 (802,11 b/g/ n)(P=max. + 20 dBm)
T_{amb}	°C	-20 ... 50
BUS	–	UART
IP класа	–	IP40

Таб. 3

3 Ракување


3.1 Преглед на внатрешната единица

Клуч за сл. 1:

[1] Приказ
[2] Предна плоча
[3] Воздушна решетка
[4] Филтери за воздух
[5] Копче за рачно ракување
[6] Сензор за движење (Human sensor)
[7] Плоча за проток на воздух

Екран на внатрешната единица

Екранот на внатрешната единица стандардно останува исклучен, па се вклучува кратко 15 секунди само кога се користи далечинскиот управувач. Оваа функција е наменета за заштеда на енергија.




Симбол	Објаснување
Број	Приказ на температура, работна функција и кодови за грешки
	WLAN врската е активна
	Се прикажува со некои функции, доколку тие се вклучени. Покажува дека тајмерот за вклучување е активен кога внатрешната единица е исклучена.
OF	Се прикажува со некои функции, доколку тие се исклучени.
dF	Активно е автоматското одмрзнување
FP	Активна заштита од мраз: внатрешната единица ја одржува собната температура на минимум 8 °C.
CL	Активна е функцијата самочистење (iClean 56°C)

Таб. 4 Симболи на екранот на внатрешната единица

3.2 Преглед на далечинскиот управувач


Копчиња на далечинскиот управувач



Поз.	Копче	Функција
1		Вклучување/исклучување
		Поставување режим на работа
		Заштеда+
2		Мени
	Во ред	Потврдете го изборот
		Поставување тајмер
		Зголемување на температурата
		Намалување на температурата
3		Брзина на вентилатор
		Нишање вертикално/хоризонтално
		Напреден јонизатор
	Турбо	Турбо режим
	Тивко	Тивок режим
	Спиење	Режим на спиење
		Блокада за деца

Таб. 5 Копчиња на далечинскиот управувач

Приказ на далечинскиот управувач



Поз.	Симбол	Објаснување
1		Режим на работа: автоматски режим
		Режим на работа: режим на ладење
		Режим на работа: режим на греење
		Режим на работа: режим на сушење
		Режим на работа: режим на вентилатор
2		Поставување температура
		Тајмер за вклучување
		Тајмер за исклучување
		Испраќање сигнал
		Блокада за деца
		Ниво на батерија
	°C / °F / % RH	Приказ на вредност: ги прикажува поставената температура, % на релативната влажност и тајмерот.
		Тивок режим
		Брзина на вентилатор
		Автоматски режим на вентилатор
		Турбо режим на вентилатор
3		Вертикално нишање - автоматско
		Хоризонтално нишање - автоматско
		Избегнување ветер
		Напреден јонизатор
		Режим на спиење
		iClean 56°C
		Следење
		LED вклучување/исклучување на екранот и алармот
		Контрола на енергија
		Заштеда+
		Сензор за луѓе
		Екран на функцијата на безжична контрола

Таб. 6 Симболи на екранот на далечинскиот управувач

3.3 Користење на далечинскиот управувач

Опсегот на сигналот е 8 m. Ако има предмети кои го попречуваат патот или се користат одредени флуоресцентни светилки во истата просторија, тоа може да влијае на преносот на сигналот.

- ▶ Насочете го далечинскиот управувач кон прозорецот на приемникот на сигнал на уредот и притиснете го посакуваното копче.

НАПОМЕНА

Далечинскиот управувач може трајно да се спречи од правилно работење.

- ▶ Не изложувајте го далечинскиот управувач на директна сончева светлина.
- ▶ Не оставајте го далечинскиот управувач блиску до апарат за греење.
- ▶ Заштитете го далечинскиот управувач од влага и удари.

3.4 Поврзување

3.4.1 Поврзување

Контролирајте ги најважните функции многу лесно преку апликацијата Bosch HomeCom Easy на мобилниот уред.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Неправилна употреба!

Строго е забрането корисникот да го отвора и да ја попречува работата на производот, освен дејствата дозволени во ова поглавје. Секоја неправилна употреба може да резултира со опасност за сопственикот и за самиот производ!

Технички барања

Оперативен систем	• Android • IOS
Рутер	Стандарден рутер со сигнал од 2,4 GHz
WLAN стандардно	IEEE 802.11b/g/n

Таб. 7 Технички барања

Преземање на апликацијата

Апликацијата може да се преземе од Apple App Store за iOS и Google Play Store за Android. За да имате корист од најновите функции и безбедносните ажурирања, погрижете се секогаш да ја имате инсталирано најновата верзија на мобилниот уред.

- ▶ Скенирајте го QR-кодот за да ја преземете и инсталирате апликацијата.
- ▶ Поставете ја вашата сметка.
- ▶ Прифатете ги Условите за користење.




Сл. 1

Спарување

Јачината на WLAN сигналот е доволна за воспоставување интернет-врска. Ако сигналот е премногу слаб:

- ▶ Користете WLAN репетитор.

- ▶ Вклучете ја внатрешната единица.
- ▶ Отворете ја апликацијата и следете го опишаниот чекор.
- ▶ Скенирајте го QR-кодот за да го спарите производот.



Сл. 2 HomeCom Easy

3.4.2 Компатибилност со Matter

Клима уредов е дизајниран да биде компатибилен со протоколот Matter, обезбедувајќи беспрекорна интеграција со Alexa, Google Assistance, Apple Home или други уреди со Matter, за подобрена меѓусебна работа и поврзаност со екосистемот за паметните домови.

Поддржаните функции вклучуваат:

- Вклучување/исклучување на уредот
- Поставување режим на работа (ладење, греење, сушење, вентилатор, автоматски)
- Следење на собната температура
- Поставување на собната температура
- Поставување брзина на вентилаторот

Достапните функции може да се разликуваат врз основа на типот на уредот со Matter.

За конкретни упатства за поврзување и користење други уреди компатибилни со Matter, консултирајте се со соодветните прирачници или документацијата обезбедена со тие уреди.

3.4.3 Функција за надгледување на енергија

Функцијата за надгледување на енергија ви овозможува да ја надгледувате потрошувачката на електрична енергија на секоја внатрешна единица, поделена по режим на работа. Преку вклучениот екран за ефикасност, можете да ја споредите потрошувачката на електрична енергија со капацитетот на топлинската енергија за греење или ладење. Дополнително, за вас се евидентира вкупната потрошувачка на електрична енергија и вкупната излезна топлинска енергија за време на животниот век на апаратот.

За визуализација на податоците за надгледување на енергијата, потребна е активна сметка на апликацијата.

3.5 Поставување на главниот режим на работа

Вклучување/исклучување на единицата

- Притиснете го копчето ⏻ за да ја вклучите или исклучите единицата:
  Единицата започнува во поставениот режим на работа.

Поставките може да се изберат и кога единицата е исклучена. Уредот ги зачувува поставките, а исто така ги задржува во случај на прекин на електрична енергија.

По исклучувањето, единицата останува во режим на подготвеност. Интелигентната технологија за вклучување-исклучување овозможува автоматски режим за заштеда на енергија кога е во режим на подготвеност (1 W standby).

Автоматски режим

Во автоматскиот режим, единицата автоматски се префрла помеѓу режимот на греење и ладење за да ја одржи саканата температура.

- Притискајте го копчето ⮂ повеќепати додека на екранот не се појави Ⓐ.
- Изберете ја потребната температура со копчињата ∧ и ∨.

Брзината на вентилаторот не може да се прилагоди во автоматскиот режим.

Режим на ладење

- Притискајте го копчето ⮂ повеќепати додека на екранот не се појави ❄.
- Изберете ја потребната температура со копчињата ∧ и ∨.
- Притиснете на копчето ⁂ додека не се постигне бараната брзина на воздухот.

Режим на вентилатор

- Притискајте го копчето ⮂ повеќепати додека на екранот не се појави ⁂.
- Притиснете го копчето ⁂ додека не се постигне бараната брзина на вентилаторот.

Температурата не може да се приспособи или да се прикажува во режим на вентилатор.

Режим на сушење

- Притискајте го копчето ⮂ повеќепати додека на екранот не се појави 💧.
- Изберете ја потребната температура со копчињата ∧ и ∨.

Променете го процентот на влажност за да го одржите минималното посакувано ниво на влажност при режимот на сушење:

- Притискајте го копчето ☰ повеќепати додека на екранот не се појави **%RH** .
- Потврдете со копчето **Во ред**.
- Притискајте ги копчињата ∧ и ∨ додека не се прикаже саканиот процент на релативна влажност. Опсегот на поставување е од 35 % до 85 % во чекори од 5 %.
  Поставената влажност се прикажува на екранот на далечинскиот управувач.

Оваа функција не е дизајнирана за да ја зголеми влажноста. Специјално е наменета за одвлажнување.

Брзината на вентилаторот не може да се приспособи или прикажува во режим на сушење.

Режим на греење

- ▶ Притискајте го копчето ⇄ повеќепати додека на екранот не се појави ☼.
- ▶ Поставете ја бараната температура со копчињата ∧ и ∨ .
- ▶ Притиснете го копчето ⁂ додека не се постигне бараната брзина на вентилаторот.

Ако надворешната температура е многу ниска, моќноста на греење на системот за климатизација може да не е доволен. Препорачуваме да поврзете дополнителни топлински извори.

3.6 Поставување тајмер ◷

Тајмерите за ВКЛУЧУВАЊЕ и ИСКЛУЧУВАЊЕ може да се постават помеѓу 0 и 24 часа, со зголемување во интервали од 30 минути во првите 10 часа, а потоа со зголемување во интервали од 1 час. Ако е поставено 0 часа, тајмерот се откажува.

Поставување на тајмерот за вклучување

- ▶ Притиснете го копчето ◷ додека не се појави симболот ◷ ON .
- ▶ Притиснете го копчето ∧ или ∨ за да го поставите посакуваното време.
  Поставката се применува набргу потоа.

Поставување на тајмерот за исклучување

- ▶ Притиснете го копчето ◷ додека не се појави симболот ◷ OFF .
- ▶ Притиснете го копчето ∧ или ∨ за да го поставите посакуваното време.
  Поставката се применува набргу потоа.

Откажување на тајмерот

- ▶ Притиснете го копчето ◷ за да го изберете соодветниот тајмер.
- ▶ Поставете 0,0 часа.
  Тајмерот се откажува по кратко време.

Комбинирање тајмери

Двата тајмери може да се постават истовремено. Секој тајмер може да се програмира да се активира пред другиот

- ▶ Поставете го тајмерот за вклучување и исклучување.
  Поставките автоматски ќе се комбинираат.

Моментално време	13:00 часот
Поставување на тајмерот за ВКЛУЧУВАЊЕ	4,0 ч
Поставување на тајмерот за ИСКЛУЧУВАЊЕ	8,5 ч
Време на вклучување	17:00 часот
Време на исклучување	21:30 часот

Таб. 8 Пример

Не може да го програмирате тајмерот за вклучување и исклучување да работи со единицата на различни температури или со други поставки.

3.7 Примарни работни функции

3.7.1 Функција за заштеда на енергија

На уредот може да се избере следнава функција за заштеда на енергија:

Заштеда+ ∅+

Единицата автоматски ја намалува потрошувачката на енергија, додека ја одржува посакуваната собна температура.

- ▶ Притиснете го копчето ∅+ за да ја изберете оваа функција.
  Далечинскиот управувач го прикажува симболот ∅+.

Функцијата **Заштеда+** може да се избере само во режимите на ладење и греење.

Со притискање на копчето ∅+ ќе се прекине **работата со Заштеда+.**

3.7.2 Поставување на функцијата на нишање ⁂

НАПОМЕНА

Ако лопатката остане на најниската положба за време на режимот на ладење подолг период, може да се формира кондензација. Приспособување на лопатката со рака може да предизвика дефекти.

- ▶ Користете го само далечинскиот управувач за да ја прилагодите лопатката.

Функцијата за нишање може да се активира во вертикална или хоризонтална положба (→ 2).

Режим на автоматско вертикално нишање (нагоре/надолу)

- ▶ Притиснете го копчето ⁂ .
  Далечинскиот управувач го прикажува симболот ⁂.

За да го откажете автоматскиот режим на вертикално нишање:

- ▶ Повторно притиснете го копчето ⁂ .

Рачно вртење на лопатката (нагоре/надолу)

- ▶ Притискајте го копчето ⁂ повеќепати додека не се постави потребната позиција.
  Поставката се менува во следнава секвенца:



Режим на автоматско хоризонтално нишање (налево/надесно)

- ▶ Притискајте го копчето ⁂ 2 секунди за да го активирате автоматскиот режим на хоризонтално нишање.
  Далечинскиот управувач го прикажува симболот ⁂.

За да го откажете автоматскиот режим на хоризонтално нишање:

- ▶ Притискајте го копчето ⁂ повторно две секунди.

Кога ја вклучувате единицата, позицијата на лопатката автоматски ќе го продолжи својот претходен агол.

Advanced Ionizer (Функција за свеж воздух)

Кога е избрана оваа функција, ќе се активира внатрешен дел на внатрешната единица и ослободените јони ќе се рашират во просторијата за да дејствуваат против воздушните загадувачи, како што се мувла, вируси и алергени, помагајќи да се подобри квалитетот на внатрешниот воздух.

- ▶ Притиснете го копчето за да ја изберете оваа функција. Далечинскиот управувач го прикажува симболот .

Излегување од функцијата:

- ▶ Повторно притиснете го копчето .

3.7.3 Турбо ладење/турбо греење

Кога турбо ладењето/турбо греењето е активно, внатрешната единица работи со максимална моќ во рок од 30 минути за брзо ладење или греење на просторот.

- ▶ Турбо ладење: вклучете го режимот на ладење и притиснете го копчето **Турбо**.
- ▶ Турбо греење: вклучете го режимот на греење и притиснете го копчето **Турбо**. Далечинскиот управувач го прикажува симболот .

Излегување од функцијата:

- ▶ Повторно притиснете го копчето **Турбо**. Симболот на далечинскиот управувач исчезнува.

Оваа функција е достапна само во режими на ладење и греење.

3.7.4 Silent Mode

Оваа функција ги намалува звуците што ги емитува внатрешната и надворешната единица кога е во функција. Ова е особено поволно во текот на ноќта, ако треба да ги земете предвид вашите соседи.

- ▶ Притиснете го копчето **Нечујно** за да ја активирате оваа функција. Далечинскиот управувач го прикажува симболот .

Излегување од функцијата:

- ▶ Повторно притиснете го копчето **Нечујно**. Симболот на далечинскиот управувач исчезнува.

Брзината на вентилаторот на внатрешната единица ќе се намали на минималното ниво. Ако поставите поголема брзина на вентилаторот за внатрешната единица, функцијата на режимот на нечујно ќе се деактивира.

Кога единица е во режим на нечујно, можеби нема да биде возможно да се постигне потребниот моќноста на ладење/греење бидејќи компресорот во надворешната единица работи со ниска фреквенција.

3.7.5 Режим на спиење

Целта на оваа функција е да заштеди енергија за време на периодите на неактивност. По еден час, уредот грее или лади помалку интензивно. За да го направите ова, поставената температура се менува за 1 °C. По два часа, поставената температура се менува за уште 1 °C. Потоа останува на новата температура.

За да ја активирате оваа функција:

- ▶ Притиснете го копчето **Спиење**. Далечинскиот управувач го прикажува симболот .

За да ја деактивирате функцијата:

- ▶ Повторно притиснете го копчето спиење или по 8 часа работа во режимот на спиење. Симболот на далечинскиот управувач исчезнува.

Функцијата не е достапна во режимите на сушење и вентилатор.

3.7.6 Функција за заклучување на копчињата за деца

Копчињата на далечинскиот управувач може да се заклучат со функцијата за заклучување на копчињата за деца.

За да ја активирате оваа функција:

- ▶ Притиснете ги копчињата **Турбо** и **Спиење** истовремено во траење од 5 секунди. Далечинскиот управувач го прикажува симболот .

За да ја деактивирате функцијата:

- ▶ Притиснете ги копчињата **Турбо** и **Спиење** истовремено во траење од 3 секунди. Симболот на далечинскиот управувач исчезнува.

3.7.7 Заштита од мраз (8 °C / 12 °C)

Заштитата од мраз може да се активира за да ја одржува собната температура на минимум 8 °C.

- ▶ Во режимот на греење, поставете ја температурата на 16 °C.
- ▶ 8 °C: Притиснете го копчето ∨ двапати во 1 секунда.
- ▶ 12 °C: Притиснете го копчето ∨ двапати во 1 секунда. Единицата останува исклучена се додека температурата не падне под 8 °C/12 °C.

Излегување од функцијата:

- ▶ Притиснете го копчето , копчето или кое било друго копче.

Кога е активна функцијата за заштита од мраз, на екранот на внатрешната единица се појавува **Fp**.

3.7.8 Други функции

- ▶ Притиснете го копчето .
- ▶ Притиснете го копчето повеќепати или копчињата ∧, ∨ за да ја изберете функцијата.
  - – = LED функција за вклучување/исклучување
  - – = функција за контрола на енергија
  - – = Human sensor функција
  - – = Wind avoid me (Функција за индиректен проток на воздухот)
  - – = iClean 56°C
  - – = функција за следење
  - – = функција за безжична контрола
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

Излегување од функцијата:

- ▶ Повторете ги горенаведените чекори.

Промена на екранот и алармот (Mute Mode)

За да го вклучите или исклучите екранот на внатрешната единица и алармот:

- ▶ Притиснете го копчето повеќепати или копчињата ∧, ∨ се додека не се прикаже иконата .
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

За да се прикаже моменталната собна температура:

- ▶ Притиснете го копчето **Нечујно** и задржете го 5 секунди.

За да се прикаже поставената температура:

- ▶ Притиснете и задржете го копчето **Нечујно** уште 5 секунди.

Контрола на енергија

Достапни се следниве опции за контрола на енергија. Може да се изберат две од опциите за контрола на електрична енергија за да се намали потрошувачката на енергија на апаратот:

- **Контрола на електрична енергија** (100 %): нормално работење (излез од функцијата за контрола на енергија)
- **Контрола на енергија** (75 %): ја намалува потрошувачката на енергија за 25 %
- **Контрола на енергија** (50 %): ја намалува потрошувачката на енергија за 50 %

За да ја изберете посакуваната опција за контрола на енергија:

- ▶ Притиснете го копчето ☰ повеќепати или копчињата ∧, ∨ додека не се прикаже .
- ▶ Потврдете со копчето **Во ред**.
- ▶ Притиснете ги копчињата ∧ и ∨ и изберете го посакуваното ниво за контрола на енергија (100 %, 75 %, 50 %).
- ▶ Потврдете со копчето **Во ред**.

Функцијата **Контрола на енергија** може да се избере само во режимот на ладење.

Функција на сензор за движење (Сензор за луѓе)

Внатрешниот апарат има сензор за движење лоциран во задната страна на предната плоча. Сензорот открива подвижни предмети во просторијата за да се утврдат човечки активности.

Ако сензорот не открие движење во собата 30 минути, единицата ја намалува моќта. Кога повторно е откриено движење во просторијата, моќноста се зголемува за нормално работење.

Сензорот за луѓе (→ 3, [2]) открива луѓе во опсег од 6 метри [B], со површина што не може да се открие од 1 метар [A] и област што може да се забележи од 5 метри [1]. Исто така, има агол на откривање од 2,5 метри од центарот на клима уредот до страните (функција за нишање) (→ 4).

- ▶ Притиснете го копчето ☰ повеќепати или копчињата ∧, ∨ се додека не се прикаже иконата .
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

Робот-правосмукалки, вентилатори со нишање, растенија и завеси изложени на ветер, итн., сите се идентификуваат како човечки активности, што може да резултира во неуспех на функциите за заштеда на енергија кога нема присуство на луѓе.

Wind avoid me (Функција за индиректен проток на воздух)

Оваа функција спречува директен проток на воздух на телото.

- ▶ Притиснете го копчето ☰ повеќепати или копчињата ∧, ∨ се додека не се прикаже иконата .
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

Функцијата е достапна само во режим на ладење, режим на одвлажнување и режим на вентилатор.

iClean 56°C

Единицата има функција за самочистење на разменувачот на топлина на затворен простор. Функцијата за самочистење ги отстранува прашината, мувлата и маснотијата што може да доведе до непријатни мириси. Работи со автоматско замрзнување, брзо топење на мразот, а потоа со употреба на топол воздух се суши разменувачот, ефикасно елиминирајќи ги овие нечистотии.

- ▶ Притиснете го копчето ☰ повеќепати или копчињата ∧, ∨ се додека не се прикаже иконата .
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

CL се појавува на екранот на внатрешната единица кога е во тек самочистењето. Самочистењето завршува автоматски по 20 до 45 минути.

Функција на следење (Follow Me)

Функцијата го активира далечинскиот управувач на моменталната локација со цел да се измери температурата во интервали од 3 минути. Внатрешната единица сега се контролира со референца на овие мерења.

- ▶ Притиснете го копчето ☰ повеќепати или копчињата ∧ и ∨ се додека не се прикаже иконата .
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

Функцијата на следење е достапна само во режим на ладење, режим на греење и автоматски режим.

Функција за безжична контрола

Целта на оваа функција е да се воспостави врска преку WLAN. Ако единицата не ја прикажува функцијата:

- ▶ Притиснете го копчето ☰ повеќепати или копчињата ∧ и ∨ се додека не се прикаже .
- ▶ Потврдете го изборот со копчето **Во ред**.

4 Отстранување дефекти

4.1 Дефекти со приказ на код (Self diagnosis function)

Ако се случи некаков дефект на уредот, трепкаат LED-сијаличките подолго време или дисплејот го покажува кодот за дефект (пр. EH 02).

Ако некој дефект не престане и по 10 минути:

- ▶ Исклучете ја кратко и повторно вклучете ја внатрешната единица.

Ако дефектот продолжи:

- ▶ Јавете се во корисничката служба и кажете го кодот на дефект и дајте податоци за уредот.

4.2 Дефекти без приказ на код

Ако се појават дефекти за време на работата што не може да се отстранат:

- ▶ Јавете се во корисничката служба и кажете го дефектот и дајте податоци за уредот.

Дефект	Можна причина
Моќноста на внатрешната единица е можеби преслаба.	Температурата е превисоко или прениско поставена.
	Филтерот за воздух е извалкан и мора да се исчисти.
	Неповолни влијанија од околината врз внатрешната единица, на пример, попречени отвори за воздух на уредот, отворени врати/прозорци во просторијата или многу јаки извори на топлина во просторијата.
	Се активира тивката работа и спречува целосно искористување на капацитетот.
Внатрешната единица не се вклучува.	Внатрешната единица има механизам за заштита од преоптоварување. Може да поминат 3 минути додека да биде возможно повторно стартување на внатрешната единица.
	Батериите на далечинскиот управувач се празни.
	Тајмерот е вклучен.
Начинот на работа се менува од ладење или греење во режим на вентилатор.	Внатрешната единица го менува начинот на работа за да го спречи формирањето мраз.
	Поставената температура е привремено достигната.
Внатрешната единица генерира бела магла.	Големите температурни разлики меѓу воздухот во просторијата и климатизираниот воздух во влажни региони може да предизвика бела магла.
Внатрешната и надворешната единица генерираат бела магла.	Ако греењето се вклучи директно по одмрзнувањето, може да се создаде бела магла поради зголемената влажност на воздухот.
Внатрешната и надворешната единица создаваат бучава.	Може да се создаде звук на шуштење во внатрешната единица ако решетката за струење на воздухот се ресетира.
	Малото шуштење поради работата е сосема нормално. Може да се создаде поради протекување на разладното средство.
	Може да се појави звук на чкрипење додека се шират или собираат металните и пластичните делови на уредот за време греењето/ладењето.
	Надворешната единица прави разни звуци за време на работата, коишто се нормални.
Внатрешната или надворешната единица испушта прав.	За време на подолги периоди на исклучен уред, може да се насобере прав во него ако не бил покриен.
Лош мирис за време на работата.	Лошиот мирис што се шири во воздухот може да навлезе во уредот и уредот да го рашири.
	Филтерот за воздух има мувла и мора да се исчисти.
Вентилаторот на надворешната единица не работи постојано.	Вентилаторот работи различно заради оптимална работа.
Работата е непостојана, непредвидлива или внатрешната единица не реагира.	Може да има пречки предизвикани од предаватели за мобилна телефонија или засилувачи на сигнал. ▶ Исклучете ја внатрешната единица краткотрајно од струја и повторно вклучете ја.
Преградата за воздухот или перката за насочување на воздухот не се движи правилно.	Преградата за воздухот или перката за насочување на воздухот била приспособена рачно или не е правилно монтирана. ▶ Исклучете ја внатрешната единица и проверете дали компонентите се правилно наместени. ▶ Вклучете ја внатрешната единица.

Таб. 9

5 Одржување

ВНИМАНИЕ

Опасност поради струен удар или подвижни делови

- ▶ Исклучувајте го напојувањето пред секое одржување.
- ▶ Чекорите на одржување што не се наведени овде треба да ги извршува само овластен техничар.

5.1 Замена на батериите

Потребни ви се 2 батерии со големина AAA. Не се препорачува употреба на батерии што може да се полнат.

- ▶ Отстранете го капачето за преградата за батерии (→ Слика 5).
- ▶ Поставете нови батерии и внимавајте на точниот поларитет.
- ▶ Повторно вратете го капачето за преградата за батериите.

5.2 Чистење на уредот и далечинскиот управувач

НАПОМЕНА

Уредот може да се оштети поради непрописно чистење!

- ▶ Не прскајте директно со вода или не потопувајте го во вода.
- ▶ Не користете жешка вода, абразивен прашок или јаки средства за разредување.

- ▶ По чистењето, избришете ја внатрешната единица и далечинскиот управувач со мека крпа.
- ▶ Надворешната единица треба да ја чисти само сертифициран специјалист.

5.3 Чистење на филтерот за воздух

НАПОМЕНА

Филтерот за воздух може да се деформира на директна сончева светлина.

- ▶ Не изложувајте го филтерот за воздух на директна сончева светлина.

Чистете го филтерот за воздух на секои 2 недели, а исто така и пред и по откажувањето на подолги периоди.

- ▶ Исклучете ја внатрешната единица.
- ▶ Преклопете го предниот капак на внатрешната единица нагоре (→ сл. 6, [1]).
- ▶ Отстранете ги воздушните решетки и извадете ги од единицата (→ сл. 6, [2]).
- ▶ Извадете ги филтрите за воздух од решетките, ако се монтирани (→ сл. 6, [3]).
- ▶ Исчистете ги малите филтри за воздух со рачна правосмукалка.
- ▶ Измијте го големиот филтер за воздух со топла вода и умерено средство за чистење и исушете го во сенка.
- ▶ Повторно закачете ги малиот и големиот филтер за воздух.

5.4 Подолго време на неработење

Ако треба уредот да биде надвор од употреба подолго време:

- ▶ Исчистете го филтерот за воздух.
- ▶ Активирајте го самостојното чистење на внатрешната единица со копчето **Clean**.
- ▶ По самостојното чистење, оставете вентилаторот да работи додека внатрешната единица не се исуши.
- ▶ Исклучете ја внатрешната единица од струја.
- ▶ Отстранете ги батериите од далечинскиот управувач.
- ▶ Заштитете го уредот од прашина.

5.5 Рачно ракување

НАПОМЕНА

Оштетување на единиците поради неправилно работење

Рачното ракување не е предвидено како континуиран начин на работа.

- ▶ Ова треба да се користи само за тестирање или во итни случаи.
- ▶ Користете го само кратко време.

- ▶ Исклучете ја внатрешната единица.
- ▶ Преклопете го горниот капак на затворената единица нагоре.
- ▶ Пронајдете го копчето за рачна контрола на десната страна на полето за приказ (→ 7).
- ▶ Притиснете го копчето за режимот на рачна контрола со вметнување тенок предмет:
  - Притиснете еднаш: единицата е присилена во автоматски режим.
  - Притиснете двапати: единицата е присилена во режим на ладење.
  - Притиснете три пати: внатрешната единица се исклучува.
- ▶ Користете далечински управувач за да го вратите нормалниот режим.

6 Заштита на животната средина и исфрлање во отпад

Заштитата на животната средина е корпоративен принцип на групацијата Bosch.
Квалитетот на производите, економичноста и заштитата на животната средина се од еднаква важност за нас. Строго се придржуваме до законите и прописите за заштитата на животната средина.
За да ја заштитиме животната средина, ги користиме најдобрата можна технологија и материјали, земајќи ги предвид економските аспекти.

Пакување

Кога се работи за пакувањето и амбалажата, вклучени сме во националните системи за рециклирање со цел да се загарантира оптимално рециклирање.
Сите употребени материјали за пакувањето се поволни во однос на животната средина и може да се рециклираат.

Стар уред

Старите уреди содржат вредни материјали коишто може да се пренаменат.
Лесно се расклопуваат компонентите. Пластиката е означена. Така можете да ги сортирате и рециклирате или исфрлите различните компоненти.

Електрични и електронски стари уреди



Овој симбол значи дека производот не смее да се исфрла во отпад со обичниот отпад од домаќинството, туку мора да се однесе во соодветен центар за рециклажа каде што ќе се истретира, рециклира и исфрли.

Симболот важи за земјите со прописи за електронски отпаден материјал, на пример, европската регулатива 2012/19/EG за електронски и електрични стари уреди. Таквите прописи ги дефинираат општите услови што се однесуваат на враќањето и рециклирањето на електронските стари уреди што се на сила во поединечните земји.

Со оглед дека електронските уреди содржат опасни супстанци, мора да се рециклираат за да се минимизираат можните ризици по животната околина и човековото здравје. Освен тоа, рециклирањето на електронските отпадни материјали помага да се зачуваат производните ресурси.

За повеќе информации околу еколошкиот начин на исфрлање на електрични и електронски стари уреди, обратете се кај локалните надлежни власти, во комуналното претпријатие или таму каде што сте го купиле производот.

Повеќе информации ќе пронајдете овде:
www.bosch-homecomfortgroup.com/en/company/legal-topics/weee/

Батерии

Батериите не смее да се исфрлаат со отпадот од домаќинството. Употребените батерии мора да се однесат во локален центар за собирање таков отпад.

Разладно средство R32



Уредот содржи флуориран гас со ефект на стаклена градина R32 (потенцијал на глобално затоплување од 675[1)]) со слаба запаливост и ниска токсичност (A2L или A2).

Содржената количина е наведена на фабричката табличка на надворешниот уред.

Разладните средства се опасност за животната средина и мора да се соберат и исфрлат на посебен начин.

1) поради Прилог 1 од Директивата (ЕУ) бр. 517/2014 на Европскиот парламент и на советот од 16. април 2014 година.